МЕЃУНАРОДЕН
СЛАВЈАНСКИ
УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН

# ПРАВИЛНИК

## ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ



Свети Николе,
2019

# Содржина


I. ОПШТИ ОДРЕДБИ....1

II. ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ....1

III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ....2

IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА....5

Содржина на студиската програма....7

Податоци за предметот....8

V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТОТ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО....9

VI. МИРУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ (ОБВРСКИТЕ)....10

VII. ПРЕКИНУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ....11

VIII. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИ ВО МИРУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНАТИ СТУДИИ 12

IX. ИСПИТИ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ И НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ....12

Транспарентност и тек на оценувањето....12

Форми на проверка на знаењето....13

Приговор на завршно оценување....15

X. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИСПИТОТ....17

XI. НАПРЕДУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО....18

XII. ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ СТУДИСКА ГОДИНА....18

XIII. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ, ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИ И ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ 19

XIV. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД 20

Избор на тема и ментор....20

Одобрување на темата за изработка на магистерскиот труд....22

Подготовка, изработување (пишување) и предавање на магистерскиот труд за оценување....23

Одбрана на магистерскиот труд....26

XV. ЈАЗИК НА РЕАЛИЗАЦИЈА....28

XVI. ДИПЛОМИ....28

XVII. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА....29

XVIII. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДВОЈНА ДИПЛОМА....30

XIX. НАГРАДИ....30

XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ....30

Врз основа на член 94 став 1 алинеја 22 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин‟, Свети Николе - Битола, на седницата одржана на ден 28.01.2019 година, го донесе следниов:

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН‟ СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Славјански Универзитетот „Гаврило Романович Државин‟ Свети Николе - Битола (во понатамошниот дел од текстот: МСУ).

### Член 2

Вториот циклус студии на МСУ се организира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на МСУ, Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, Статутите на единиците на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот.

### Член 3

Со овој Правилник се обезбедува ефикасност на студиите како и реализација на насоките за создавање Единствен простор на високо образование во Европа и примена на Болоњскиот процес преку обезбедување висок квалитет на студиите, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците и зголемување на проодноста на студирањето.

### Член 4

Одредбите на овој Правилник ги применуваат единиците на МСУ што вршат високообразовна дејност на студии од втор циклус.

## II. ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

### Член 5

Единиците на Универзитетот можат да организираат два вида студии од втор циклус врз основа на акредитирани студиски програми:

- втор циклус академски студии (постдипломски студии) и
- втор циклус стручни студии

Студиите од втор циклус академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити.

Постдипломските студии можат да траат и подолго од две години, доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вкупниот број кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити.

Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Вкупниот број кредити кои се стекнуваат на прв и на втор циклус стручни студии изнесува 240 ЕКТС кредити.

### Член 6

Вториот циклус студии е во согласност со Европскиот кредит трансфер систем за пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Вториот циклус студии е во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот  (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

### Член 7

Единствените основи за организирање и реализација на студиските програми и режимот за студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) се определени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем, преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе – Битола.

## III. УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

### Член 8

На постдипломските студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, односно додипломски студии и ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на МСУ, овој Правилник и Конкурсот за упис.

На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило додипломски студии во траење од најмалку 4 години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити и ги исполнува условите од став 1 на овој член.

На втор циклус академски студии во времетраење од две години (120 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од најмалку три години (180 европски кредити) и ги исполнува условите од став 1 на овој член.

Универзитетот, односно единиците во состав на Универзитетот можат да организираат стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус стручни, односно академски студии.

## Член 9

Државјаните на Република Северна Македонија имаат право на образование под еднакви услови на единиците во состав на МСУ.

Странските државјани можат, со примената на начелото на заемност, да се образуваат на единиците во состав на МСУ под еднакви услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

Странските државјани, без примена на начелото на заемност, можат да се образуваат на единиците во состав на МСУ, под услови што поблиску ги утврдува МСУ во Конкурсот.

Висината на школарината на студирање на странските државјани ја определува Универзитетскиот Сенат по предлог на Управниот одбор.

Лицата без државјанство имаат право на високо образование на единиците во состав на МСУ под еднакви услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

## Член 10

Право на запишување на втор циклус на образование имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство согласно член 150 од Законот за високото образование.

Се смета дека условите за запишување од членовите 134, 135 и 136 од Законот за високото образование ги исполнува и лицето кое завршило соодветно образование во странство.

Со правилник кој го донесува Сенатот на МСУ се утврдуваат условите за упис од ставот (1) на овој член за лицето кое не завршило еднакво образование во странство.

## Член 11

Студирањето на МСУ е со лично финансирање и личното финансирање се однесува на уплата за: годишна школарина; издавање на индекс; електронска картичка, студентска легитимација, пријава на испит; комисиско оценување кое е по барање на студентот; преполагање на испит кое е по барање на студентот; одбрана на проектна задача од одржан семинар; одбрана на семинарска работа; набавка на работна униформа; трошоци за практична настава; превоз за практична настава во два правци; активности кои се врзани со процесот на образованието; материјални трошоци поврзани со изведувањето на наставата по стручните предмети; посета на

работен семинар по избор на студентот; одбрана на магистерски труд, за пријавување на предмети во семестрален лист.

## Член 12

Износот на школарината за студирање се утврдува со одлука на Универзитетскиот Сенат на МСУ.

Со школарината се утврдуваат трошоците на студирање за една студиска година, односно за стекнување 60 ЕКТС кредити.

Износот на годишната школарина утврден со договорот за студирање е загарантиран до завршување на студиите.

Износот на годишната школарина и начинот на уплатата е содржана во договорот за студирање, а во согласност со Статутот на МСУ.

## Член 13

Студентите на сите степени на високо образование кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализирани лица имаат право на посебни погодности кои секоја уписна година ги определува со одлука на Универзитетскиот Сенат по предлог на Управниот одбор на МСУ.

## Член 14

Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на МСУ, донесува наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет, на единиците на МСУ. Бројот на студентите не може да биде поголем од бројот утврден според капацитетот утврден со решението за акредитација на МСУ.

## Член 15

Студентите кои се запишуваат на студиските програми од втор циклус, склучуваат договори со МСУ за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

## Член 16

Универзитетскиот Сенат донесува одлука по предлог на Управниот одбор на МСУ за утврдување на постапката за селекција на кандидатите за запишување на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

## Член 17

Запишувањето на втор циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува универзитетот, најмалку 5 (пет) месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за запишување на студии од ставот (1) на овој член содржи:

1. Име: Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Св. Николе – Битола;
2. Назив на студиската програма;
3. Место на изведување на студиската програма,
4. Времетраење на студиите;
5. Услови за запишување;
6. Предвиден број на слободни места за запишување;
7. Постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите;
8. Висината на школарината, доколку студентот е должен да ја плати;

Конкурсот се објавува во најмалку еден дневен весник што излегува во Република Северна Македонија и на веб-страницата на Универзитетот.

### Член 18

Студентите се заведуваат во матичната книга за запишани студенти.

За секој запишан студент се отвора личен картон и му се издава индекс, студентска легитимација и електронска картичка.

За запишаните студенти се води и евиденција во системот за електронска евиденција, во согласност со правилникот што го регулира водењето електронска евиденција.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

### Член 19

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Зимскиот семестар започнува на 1 октомври, а завршува на 14 февруари наредната година.

Летниот семестар започнува на 15 февруари и завршува на 30 септември, а наставата трае од 15 февруари до 31 мај.

Завршните испити се одржуваат во три редовни испитни рокови, и тоа:

- јануарски;
- јунски и
- септемвриски,

како и во три вонредни испитни рокови и тоа:

- априлски;
- октомвриски и

– ноемвриски.

Со одлука на Наставно-научниот/Наставничкиот совет во оправдани случаи и за определени категории, односно генерации студенти, можат да се организираат уште два вонредни испитни рока во текот на академската година.

Доколку бројот на студенти коишто запишале одреден предмет е помал од 5 (пет), наставата може да се организира како настава од менторски тип.

Наставата на вториот циклус се организира во попладневните часови во работните денови, а во неработните денови во претпладневните и попладневните часови.

Одлука за формата и организацијата на наставата носи Наставно-научниот совет на Единицата на Универзитетот во согласност со акредитираната студиска програма.

## Член 20

Наставата во вториот циклус на студии за секој предмет пооделно ја реализира предметен наставник од областа во која припаѓа соодветниот предмет. Одлука за доделување на настава на предметен наставник за втор циклус студии на Единицата носи Наставно-научниот/Наставничкиот/Научниот совет на Единицата.

Предметниот наставник е носител на реализацијата на наставата и учествува во спроведувањето на колоквиумите и испитите, реализацијата на другите активности во рамките на предметната програма (семинарски трудови, проектни задачи и сл.).

Во реализацијата на наставата на вториот циклус студии за определени теми можат да учествуваат и други наставници, соработници и други експерти, кои не учествуваат во реализацијата на завршното оценување.

Предметните наставници од втор циклус студии имаат обврска, во првата седмица од наставата да ги запознаат студентите со плановите за работа на предметите и истите да ги објави на веб-страницата на Единицата.

## Член 21

Предметниот наставник е одговорен за изведувањето на сите облици настава: предавања, вежби, практична работа, менторство и др. и за реализација на предвидениот план за работа за соодветниот предмет.

Предметниот наставник е должен во текот на наставата, изработката на индивидуалните работи и подготовката за проверка на знаењето да им помогне на студентите преку организирање часови за консултации.

Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава и истите да им бидат достапни на студентите преку јавно истакнување на огласна табла и на веб-страницата на Единицата на Универзитетот.

### Содржина на студиската програма

## Член 22

Студиската програма најмалку содржи:

1. Назив на студиската програма на македонски и англиски јазик согласно Фраскатиевата класификација на научните подрачја, полиња и области. Ако студиската програма е реализирана на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, на македонски јазик и на англиски јазик;
2. Целите на студиската програма и резултати од учење;
3. Академски или стручен назив кој се стекнува со завршување на студиите;
4. Степен или ниво според националната рамка за квалификации кој се стекнува со завршување на студиите;
5. Наставници и соработници од соодветното научно и уметничко поле за изведување на предметните содржини за кои се избираат и квалификациите на наставниците и соработниците за изведување на предметните содржини;
6. Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС и доколку е предвидено, подготвителни курсеви;
7. Услови за запишување на студиската програма посебно за: редовни, вонредни и странски студенти кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување;
8. Листа на задолжителни и изборни наставни предмети;
9. Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис со: - цел на предметот и резултати од учењето согласно Националната рамка на високообразовни квалификации, - детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје, - оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити, - детален опис на наставните и работни методи за предметот, - заемна поврзаност на предметите и - неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот;
10. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, големина, начин на пишување и други релевантни барања;
11. Вредност во ЕКТС кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постдипломски студии, односно на докторската дисертација на докторските академски студии;
12. Начинот на оценувањето и опис на вреднувањето на постигнувањата на студентот;
13. Можност за изведување на наставата на странски јазик;

14. Можностите за избор на предмети од други акредитирани студиски програми;
15. Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма;
16. Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма;
17. Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма;
18. Научни полиња за студиски програми од втор циклус на академски и стручни студии, за кои со завршувањето на соодветната студиска програма од прв циклус на студии, се обезбедува соодветна проодност;
19. Ментори на докторски или магистерски трудови, за студиските програми од втор и трет циклус и
20. други прашања од значење за изведување на студиската програма.

**Податоци за предметот**

## Член 23

Податоците за предметот содржат:

1. Наслов на наставниот предмет;
2. Код (шифра) на предметот за полесна идентификација;
3. Студиска програма;
4. Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел);
5. Степен (циклус на студии на кој се изведува предметната програма: прв, втор или трет циклус);
6. Акедемска година/семестар во кој се изучува предметот;
7. Број на ЕКТС кредити;
8. Наставник кој ја изведува предметната програма;
9. Предуслови за запишување на предметот;
10. Цели на предметната програма;
11. Содржина на предметната програма;
12. Методи на учење;
13. Вкупен расположлив фонд на време;
14. Распределба на расположливото време;
15. Форми на наставните активности: 1. Предавања-теоретска настава; 2. Вежби (лабораториски аудиториски) семинари, тимска работа.
16. Други форми на активности: 1. Проектни задачи; 2. Самостојни задачи; 3. Домашно учење.
17. Начин на оценување: Континуирано – преку колоквиуми или преку завршно оценување: 1. Тестови; 2. Семинарска работа/проект (презентација, писмена и усна); 3. Активност и учење.
18. Критериуми за оценување (бодови/оценка);
19. Услови за потпис и полагање на завршен испит;

20. Јазик на кој се изведува наставата;
21. Методина следење на квалитетот на наставата;
22. Литература:
    i. 1. Задолжителна;
    ii. 2. Дополнителна литература.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТОТ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО

### Член 24

Студентот има право на:

1. квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми;
2. слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа;
3. право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;
4. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;
5. редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при уписот;
6. запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, статут и студиска програма;
7. учество во управувањето со високообразовната установа согласно со овој закон и статутот на високообразовната установа;
8. заштита на своите права и должности пред органите на високообразовната установа и
9. заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство.

### Член 25

Студентот има право и да:

1. студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви;
2. ги продолжи студиите на друга високообразовна установа ако МСУ престане со работа;
3. ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на МСУ;
4. учествува во научно-истражувачката, уметничката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
5. избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на МСУ;

6. користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со Закон од вршителите на соодветните дејности;
7. ги користи објектите на МСУ за спортска и културна дејност;
8. преминува од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит системот;
9. учествува на работата на студентските организации;
10. учествува во формите на организирање на студентските организации утврдени со статутот на МСУ;
11. ги продолжи студиите што ги прекинал под услови определени со статутот на МСУ;
12. користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;
13. добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето;
14. остварува соработка со студентите во земјата и во странство и
15. остварува и други права согласно со закон и со статутот на МСУ.

## Член 26

Студентот има обврска да:

1. ги исполнува задачите пропишани во студиските програми;
2. ги почитува одредбите од овој закон, статутот на МСУ и другите правни акти на внатрешното уредување;
3. се придржува кон решенијата и одлуките на органите на МСУ и на нејзината единица;
4. да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала и
5. да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс кој го подготвува и одобрува високообразовната установа во согласност со студентското претставување.

# VI. МИРУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ (ОБВРСКИТЕ)

## Член 27

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските, најмногу до 12 месеци во следниве случаи:

1. за време на бременост;
2. ако е со дете до 1 (една) година старост;
3. поради семејни причини:
    - болест, помош и нега на лица од потесното семејство;
    - за време на болест подолга од 1 (една) година;
    - издржување на лица од потесното семејство;
    - елементарни незгоди поврзани со неговото живеалиште;

4. за време на меѓународна размена на студенти во времетрање подолго од 30 дена во текот на одржувањето на наставата, доколку со наведаната размена не се стекнуваат ЕКТС кредити;
5. за време на подготовка и настапи на спортски настанани кога има статус на член на репрезентацијата на Република Северна Македонија;
6. поради неможност за исполнување на финансиските обврски;
7. во други случаи.

За мирувањето на обврските од ставот 1 на овој член, студентот поднесува писмено барање, доставува соодветна документација како образложение за причините и потврда за подмирени обврски издадена од сметководствената служба на МСУ. Лицата од потесното семејство во смисла на став 1 точка 3 алинеи 1 и 2 од овој Правилник се родителите, браќата и сестрите на студентот, брачен другар и деца на студентот.

Доколку за време на мирувањето на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.

Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 20 дена по престанокот на причините за мирување на студиите.

Доколку студентот не постапи согласно претходниот став на овој член, се смета дека ги прекинал студиите.

За времетраењето на мирувањето на студиите (обврските), студентот не плаќа школарина, освен во случаите кога ги нема подмирено заостанатите обврски кои достасале пред да ги стави обврските (студиите) во мирување.

Одлука за мирување на студиите (обврските) носи Наставно-научниот совет на Единицата на Универзитетот. По барање на студентот, доколку сите услови се исполнети, Наставно-научниот совет донесува Одлука за мирување на студии од втор циклус (Анекс бр. 6). Времето за коешто студиите (обврските) се ставени во мирување не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите предвидени со овој Правилник.

При барање за мирување на студиите (обврските) студентот треба да достави доказ дека ги има подмирено достасаните трошоци согласно потпишаниот договор за студирање до денот на поднесување на барањето.

## VII. ПРЕКИНУВАЊЕ НА СТУДИИТЕ

### Член 28

За прекин на студиите се смета доколку студентот не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.

За прекин на студиите се смета и доколку студентот не постапил согласно член 27 став 4 од овој Правилник.

Студентот по негово барање има право да ги прекине студиите (обврските).

За прекинувањето на обврските од ставот 3 на овој член, студентот поднесува писмено барање.

Одлука за прекинување на студиите носи Наставно-научниот совет на Единицата на Универзитетот. По барање на студентот, доколку сите услови се исполнети, Наставно-научниот совет донесува Одлука за прекинување на студии од втор циклус (Анекс бр. 8). Времето за коешто студиите се прекинати не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите предвидени со овој Правилник.

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа школарина и има статус на отпишан студент.

## VIII. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СТУДИИ ВО МИРУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНАТИ СТУДИИ

### Член 29

Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 20 дена по престанокот на причините за мирување на студиите.

Одлука за продолжување на студиите во мирување по барање на студентот носи Наставно - научниот совет на Единицата на Универзитетот.

За продолжување на студиите кои биле ставени во мирување, Наставно-научниот совет донесува Одлука за продолжување на студии во мирување од втор циклус (Анекс бр. 7).

За продолжување на студиите кои биле прекинати, Наставно-научниот совет донесува Одлука за продолжување на прекинати студии од втор циклус (Анекс бр. 9).

Доколку за време на мирувањето или прекинот на студиите се измени студиската програма, студентот е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма.

Студентот ги продолжува студиите со повторно запишување, плаќање на еднократниот надоместок за повторно запишување и плаќање на школарината.

## IX. ИСПИТИ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ И НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

**Транспарентност и тек на оценувањето**

### Член 30

Сите облици на проверка на знаењето се јавни.

Наставните дисциплини од студиската програма по правило се полагаат преку завршно оценување.

Облиците на проверка на знаењето можат да бидат во писмена и усмена форма.

Доколку испитот се спроведува усно, предметниот наставник е должен да им обезбеди на студентите соодветни услови за полагање на испитот.

Доколку испитот се полага писмено, наставникот е должен пред полагањето на испитот да ги извести студентите какви помагала можат да користат за време на полагањето.

Доколку на испит се пријави само еден студент со уредно поднесена пријава за полагање, предметниот наставник е должен да го обезбеди принципот на јавност на полагањето.

На устениот испит покрај студентот и наставникот потребно е да присуствува уште една личност од редот на студентите, наставниците или соработниците.

Студентот во еден ден може да полага најмногу два испита од истата студиската програма односно најмногу 5 испити во една испитна сесија.

**Форми на проверка на знаењето**

## Член 31

Формите на проверка на знаењето можат да бидат писмени, усмени, практични и комбинирани.

Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник, во согласност со студиската програма и се спроведува во роковите утврдени со Статутот на Универзитетот, и овој Правилник.

Писмената проверка на знаењето треба да трае во време од 40 до 60 минути, усмената од 30 до 40 минути по кандидат, а комбинираната проверка на знаењето може да трае максимум на еднаквиот збир од писмената и усмена проверка на знаењето.

Начинот на формата на проверка на знаењето го одредува предметниот наставник.

Проверката на знаењето на студентот, по наставните предмети, се врши во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени. Во зависност од бројот на освоени поени студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

## Член 32

Преку оценување, вонредниот, како и редовниот студент, за да го положи испитот мора да освои минимум 51% од поените предвидени за положување на колоквиуми и завршен испит во акредитираната програма на соодветната Единицата на Универзитетот, или максимум 100% од поените предвидени за положување на колоквиуми и завршен испит во акредитираната програма на соодветната Единицата на Универзитетот. Останатите поени во зависност од акредитираната програма на Единицата на Универзитетот, до вкупниот број од најмногу 100 поени по определен предмет, вонредниот, како и редовниот студент, може да ги добие врз основа на други активности и резултати, и тоа:

- прва група до 10 поени:
    - присуство и активност на предавањата
    - присуство и активност на вежби
- втора група до 10 поени:
    - изработка на семинарски труд
    - самостојна (домашна) работа
    - изработка на самојстојна проектна задача
    - изработка на есеј
    - изработени или реализирани проекти/програми
- трета група до 10 поени:
    - менторство на други студенти
    - освоени награди или пофалници
    - учество на семинари
    - учество на симпозиуми и
    - други активности предвидени со предметната програма.

По успешното положување на завршниот испит студентите ги добиваат кредитите определени за соодветниот предмет, а во зависност од освоените поени добиваат соодветна оценка за предметот.

## Член 33

За континуираното како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите јавно се објавуваат најдоцна во рок од 10 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот.

Предметниот наставник објавува прелиминарна листа на резултатите во која се внесени сите елементи што биле основа за формирање на завршната оценка. Доколку во рок од 5 (пет) дена од објавувањето нема забелешки на објавенета прелиминарна листа преку поднесен писмен приговор од страна на студентот, предметниот наставник објавува конечни резултати.

Ако има оправдани забелешки од страна на студентот во рок од 5 дена од објавувањето на прелиминарната листа, предметниот наставник ја коригира листата и повторно ја објавува со внесените корекции, после што истата станува конечна.

Студентот има право на писмен приговор на објавената конечна листа од претходниот став во согласност со член 37 од овој Правилник.

## Член 34

Формирањето конечна оценка од континуираната проверка на знаењата, завршното оценување и останатите активности во рамките на предметната програма, се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)

- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет).

Доколку при утврдувањето конечен број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број.

## Член 35

Конечната оценка се евидентира во пријавата за испит што ја пополнува и потпишува предметниот наставник во индексот, пријавата за испит и во електронскиот систем за евиденција.

Предметниот наставник, за секоја студиска година посебно, води евиденција и во електронска форма за постигнатите резултати од колоквиумите и другите форми на континуирано оценување.

## Член 36

Предметниот наставник е должен да ги чува материјалите врз чија основа се доделени поени при континуираното и завршното оценување (тетратки, тестови, семинарски, проектни задачи итн.), 3 (три) месеци по објавувањето на конечните резултатите.

## Член 37

Предметниот наставник е должен најдоцна во рок од 20 дена од одржувањето на испитот до Службата за студентски прашања да ги достави потпишаните испитни пријави, примерок од објавените резултати од испитот и протоколот за спроведување на испитот по соодветниот предмет, при што бројот и оценките на положените кандидати треба да е идентичен.

Службата за студентски прашања врши проверка на испитните пријави и доколку тие се правилно пополнети, ги внесува во досието на студентот. Доколку службата за студентски прашања утврди определена неправилност во начинот на пополнување на испитните пријави, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од доставувањето на пријавите, го известува предметниот наставник, а по потреба и продеканот за настава.

Предметниот наставник врши исправка на неправилно пополнетите пријави во рок од 5 (пет) дена од известувањето и истите ги доставува до Службата за студентски прашања којашто ги внесува во досието на студентот.

### Приговор на завршно оценување

## Член 38

Доколку студентот не е задоволен од оценката на завршното оценување или доколку смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото

образовние и со Правилникот на единицата, тој може да поднесе приговор до Деканот во рок од 24 часа од објавувањето на конечните резултати на веб-страницата на Единицата на Универзитетот.

Доколку деканот  утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување во рок од 3 (три) дена.

Доколку наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил во рокот од претходниот став или остане на истата, или пак го прифати приговорот, но студентот повторно не е задоволен со добиената оценка, на барање на студентот, испитот се полага пред трichлена комисија составена од наставници од иста или сродна наставно-научна област, во наредните 24 часа, наредниот работен ден, доколку испитот се полага усно, а доколку испитот се полага писмено во истиот рок Комисијата ја оценува истата писмена задача.

Комисијата од претходниот став ја формира Деканот (Директорот) и во истата предметниот наставник не може да биде член. Членови на Комисијата можат да бидат наставници и од други единици на Универзитетот.

Оценката на Комисија е конечна.

## Член 39

Студентот после три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, има обврска при пријавувањето на испитот да поднесе Барање до Деканот/Директорот на Единицата, за полагање на испитот пред Комисија.

Постапувајќи по Барањето на студентот, Деканот/Директорот на Единицата донесува Одлука за формирање на Комисија од три члена, пред која студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.

Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија.

Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.

Студентот ги поднесува трошоците за комисиското полагање на испитот, согласно Статутот на МСУ и Правилник за трошковник за студирање.

## Член 40

По барање на студентот, му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет, во период од најмногу четири последователни испитни сесии од полагањето на испитот.

Ова право студентот може да го оствари до моментот на одбрана на магистерскиот труд.

Деканот/Директорот, во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето, донесува одлука по барањето.

Со уважувањето на барањето за преполагање на испитот претходно добиената оценка се поништува.

Студентот ги поднесува трошоците за преполагањето на испитот, согласно Статутот на МСУ и трошковник за студирање.

## X. ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ИСПИТОТ

### Член 41

За време на полагање на писмениот испит не е дозволено:

- Препишување, разговарање или свртување;
- Да се користи мобилен телефон или каков било друг аудио или визуелен апарат, доколку самата природа на испитната задача го бара или дозволува употреба на дигитална технологија;
- Ненавремено предавање на тестот откако наставникот веќе има дадено знак дека времето за полагање е завршено;
- Ненавремено предавање на тестот, заокружување на одговори откако наставникот има дадено знак дека времето за пишување е завршено;
- Користење на каква било и да е литература за поставеното прашање, освен доколку со предметната програма е предвидено користење на одредена литература.
- За време на полагање на усниот испит не е дозволено:
- Дошепнување, разговор или каква било соработка помеѓу студентите, освен во случаите кога наставникот самиот оценува дека таква комуникација е потребна;
- Користење на мобилен телефон или каков било друг аудио или визуелен апарат, доколку смата природа на испитната задача не бара или не дозволува употреба на дигитална технологија;
- Користење на каква било и да е литература за поставеното прашање, освен доколку со предметната програма е предвидено користење на одредена литература.
- За време на изведување на практичениот дел од испитот не е дозволено:
- Да се пристапи кон реализирање/презентација на практичниот дел без консултација со наставникот/менторот;
- Да се пристапи кон реализирање/презентација на практичниот дел без соодветна подготовка;
- Не се почитуваат правилата на струката/лабораторијата во текот на резлизирањето на практичниот испит.

Во сите наведени случаи непочитувањето на наведените правила за однесување на испит се вреднуваат со нула (0) поени, и се стекнува основ за дисциплинска одговорност на студентот согласно Статутот на МСУ.

## XI. НАПРЕДУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО

### Член 42

Студентот напредува во текот на студирањето преку полагање на испити за предвидени предмети и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма.

Студентот доколку освоил најмалку 31 европски кредити се смета дека е студент во втора година на втор циклус студии.

Студентот на втор циклус студии може да запише следен семестар согласно акредитираните наставни програми на соодветната Единица на Универзитетот.

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот најрано при запишувањето предмети од наредниот семестар.

### Член 43

Студентот кој запишува зимски семестар во тој семестар запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните зимски семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.

### Член 44

Студентот кој запишува летен семестар во тој семестар запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните летни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.

## XII. ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ СТУДИСКА ГОДИНА

### Член 45

Студентите запишуваат семестри. Статус на студент во тековната студиска година на првиот циклус студии имаат студентите кои ќе запишат, односно презапишат семестар.

Запишувањето семестри се врши во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на МСУ.

### Член 46

Евидентирањето по одделни студиски години според бројот на освоени кредити, се однесува на водењето евиденција на студентите по студиски години, додека напредувањето во текот на студиите е поврзано со освоените кредити.

### Член 47

Евиденцијата на предмет што се запишуваат, односно податоците дали тоа се повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување семестрални листови од страна на студентите при запишувањето предмети.

Формата и содржината на пријавниот лист ја пропишува Ректорската управа.

Точноста на податоците во семестралниот лист со свој потпис ја потврдуваат надлежниот референт во службата за студентски прашања и координаторот/администраторот за ЕКТС за соодветната студиска програма.

Запишаните предмети задолжително се евидентираат и во системот за електронска евиденција.

### Член 48

Студентите кои ги положиле сите предмети предвидени со студиската програма, но до почетокот на новата студиска година не го одбраниле магистерскиот/специјалистичкиот труд, само ја евидентираат студиската година.

## XIII. МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИ, ПРИЗНАВАЊЕ НА ИСПИТИ И ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ

### Член 49

Студентите имаат право и можност да запишуваат и полагаат предмети на други студиски програми во рамките на Единицата, на други единици на Универзитетот, на други универзитети во земјата и на други универзитети во странство, во рамки на програми за мобилност на студенти.

Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на високообразовните установи во земјата и странство.

Критериумите и условите за пренесување кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на МСУ, Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство на МСУ и со договорот склучен меѓу високообразовните установи.

Освен начинот и условите за признавање испити предвидени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, како и Правилникот за мобилност на универзитетите во земјата и во странство, на студентот којшто се запишува или студира на студиска програма на Единица на Универзитетот, на негово барање, може да му се признаат и положени испити, односно стекнати ЕКТС кредити, доколку испитите ги положил, односно ЕКТС кредитите ги стекнал претходно, и тоа:

на истата единица на Универзитетот, на друга единица во рамките на Универзитетот или на друг универзитет во земјата и/или странство.

При признавањето на испитите, односно стекнувањето на ЕКТС кредитите, доколку испитот што го положил студентот не е вреднуван со ЕКТС кредити или е вреднуван со повеќе или помалку ЕКТС кредити отколку предметот за којшто се бара да се признае испитот, истиот ќе се признае со толку ЕКТС кредити колку што носи предметот на студиската програма на којашто е запишан студентот, за којшто е извршено признавањето.

Условите и начинот за остварување на правото од став 4 од овој член, ги определуваат единиците на Универзитетот. По барањето, на студентот му се доставува соодветен документ со признати испити и број на признати ЕКТС кредити.

### Член 50

Доколку постои можност и под услови дефинирани со посебна одлука на единицата, може да се оствари премин од една на друга студиска програма, ако се работи за:

- премин од една на друга програма на академски студии од втор циклус
- премин од една на друга програма на стручни студии од втор циклус
- премин од академска студиска програма на втор циклус студии на стручни студии од втор циклус.

Премин од студиска програма за втор циклус – стручни студии на студиска програма од втор циклус академски студии не е дозволен.

### Член 51

Студентите можат паралелно да студираат и на друга студиска програма во рамките на Единицата на Универзитетот, на други единици на Универзитетот или на други универзитети во земјата. По успешното завршување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

## XIV. ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, ОЦЕНКА И ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

### Член 52

Студиската програма за постдипломските студии задолжително содржи обврска за изработка на магистерски труд, како завршен дел на студиската програма на постдипломските студии.

#### Избор на тема и ментор

### Член 53

Студентот се стекнува со право да поднесе пријава за изработка на магистерски труд најрано по положувањето на најмалку две третини од вкупниот број предмети и стекнувањето со најмалку 30 ЕКТС за едногодишни студии, и 90 ЕКТС за двегодишни студии од втор циклус, а најдоцна студентот може да го пријави магистерскиот труд во рок од 3 месеци после полагањето на последниот испит од предвидените предмети согласно студиската програма.

Студентите кои ќе го пречекорат рокот од 3 месеци после полагањето на последниот испит од предвидени предмети согласно студиската програма за да поднесат пријава за изработка на магистерски труд треба да платат казна согласно трошоковник за студирање.

Наставниците предлагаат листа од најмногу 12 теми за изработка на магистерски труд по предметна програма за тековната академска година. Предложените листи (список) од теми се разгледуваат и усвојуваат на Наставно-научниот совет.

Списокот од предложени теми може да се менува во текот на академската година.

Студентот може да ја избира темата за магистерски труд од предложената листа од теми за изработка на магистерски трудови, но во договор со менторот може да определат друга тема.

Студентот сам или во договор со менторот ја избира темата на магистерскиот труд и го дефинира насловот од избраната тема.

Студентот може да избере тема за магистерски труд од предметите кои ги има полагано на насоката на кој е запишан.

Студентот и менторот не смеат да предложат ист наслов на магистерски труд, кој претходно бил одбранет на тој факултет.

Студентот и менторот не смеат да предложат ист наслов од одредена тема за магистерски труд која веќе е дадена на изработка.

Насловот и тезите на магистерскиот труд ги определува предметниот наставник кој го предава наставниот предмет во договор со студентот.

Евиденцијата за избраните наслови на теми за магистерска работа ја води продеканот за настава на единицата и еднаш месечно им дава извештај на наставниците за поднесените, односно одбранетите магистерски трудови.

## Член 54

Студентот има право самостојно да го избере менторот на магистерскиот труд.

Ментор на магистерскиот труд може да биде наставник кој предава на некоја од насоките на студиската програма на која студентот е запишан и кај кого студентот има полагано некој од превидените испити согласно студиската програма.

Во текот на една учебна година, еден наставник може да биде определен за ментор на најмногу 12 кандидати кои изработуваат магистерски трудови.

Лицата избрани во насловни звања не можат да бидат ментори на магистерски труд.

## Член 55

Пријавувањето на тема за магистерски труд се врши со посебен образец – Пријава на тема за магистерски труд (види Анекс бр. 1: Образец бр. 5).

Студентот ја поднесува пријавата на тема за изработка на магистерски труд врз основа на претходно изработен нацрт-проект на истражување. Податоците во пријавата на тема за изработка на магистерски труд се пополнуваат од веќе изработениот нацрт- проект на истражување.

Студентот упатството за изработка на нацрт-проект на истражување го добива од одговорно лице за магистерски програми на Универзитетот.

Пријавата на тема за магистерски труд се поднесува до лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот.

Одговорното лице за магистерски програми на Универзитетот изработува извештај за поднесени пријави на теми за изработка на магистерски труд и го поднесува до Деканот на факултетот за разгледување на тековниот месечен состанок на Наставно - научниот совет на факултетот.

Пријавата ги содржи следните елементи: дефинирање на насловот на темата (се пишува на македонски, англиски и руски јазик); образложение на научната и истражувачка оправданост на темата; план за работа (се разработуваат основните тези, теоретска работа со избор на методи и техники за анализа со очекувани резултати); преглед на литературата (во списокот на литература потребно е да се наведат најмалку 40 книги и списанија од домашни и странски автори објавени по 2000 гидина, со исклучок на одредени капитални дела пред 2000 година); и предлог за ментор.

Единиците во состав на Универзитетот може поблиску да ја определат формата и содржината на магистерскиот труд, согласно спецификите на студиската програма.

### Одобрување на темата за изработка на магистерскиот труд

## Член 56

Наставно-научниот совет на факултетот на тековниот месечен состанок ја разгледува пријавата за изработка на тема за изработување на магистерски труд.

Наставникот кој е посочен како ментор во поднесената пријавата на тема за изработка на магистерски труд ја образложува пријавата на тема за изработка на магистерски труд.

Наставно-научниот совет на факултетот, доколку утврди забелешки во поглед на елементите кои се содржани во пријавата составува записник во два примерока. Едниот примерок останува во досието на студентот, а другиот примерок му се доставува на студентот преку лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот, заради корекција на истите.

Темата и насловот за пишување на магистерскиот труд ќе се смета за усвоена само врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на факултетот.

Одлуката од Наставно-научниот совет за прифатена тема за изработка на магистерски труд, најдоцна во рок од десет (10) дена од денот на прифаќањето се објавува на веб-страницата на Единицата и во Билтенот на Универзитетот.

Роковите за изработка (пишување) на магистерскиот труд започнуваат да течат од денот на донесување на одлуката од Наставно-научниот совет на Единицата.

**Подготовка, изработување (пишување) и**
**предавање на магистерскиот труд за оценување**

## Член 57

Кандидатот има обврска да магистрира во рок од максимум една година од пријавувањето на магистерскиот труд. Кандидатот има обврска да ги заврши студиите најдоцна во рок од пет (5) години од денот на запишувањето.

Периодот на подготовка т.е. изработување (пишување) на магистерскиот труд под менторство (или т.н. менторска фаза) трае најмалку еден месец.

Студентот е должен магистерскиот труд да го заврши и предаде после полагањето на сите предвидени испити согласно студиската програма.0

Магистерскиот труд треба да биде напишан на македонски јазик со кирилично писмо.

Студентот откако ќе го напише магистерскиот труд го испраќа на менторот во електронска форма. Менторот има обврска да го прегледа и да даде мислење со предлог за прифаќање или понатамошни корекции на магистерскиот труд.

Доколку менторот го прифати напишаниот магистерски труд покренува натамошна постапка.

На предлог на менторот на магистерскиот труд, доколку постои потреба од корекции, Деканот на факултетот може да одобри продолжување на изработката на магистерскиот труд за уште еден месец.

По завршување на менторската фаза, менторот поднесува устен извештај во форма на образложен предлог до Наставно – научниот совет на факултетот заради формирање на комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд и предлага членови на комисијата за оценка и одбрана на веќе изработениот магистерски труд.

Наставно-научниот совет на единицата врз основа на мислењето на менторот донесува одлука за формирање на комисија за оцена и одбрана на веќе изработениот магистерски труд.

Комисијата се состои од 3 наставници, од кои најмалку двајца од нив треба да се од соодветната научна област. Еден од двајцата членови е претседател на комисијата. Менторот исто така е член на комисијата, но нема право да биде претстедател на истата.

Член на комисијата за оценка и одбрана на магистерски труд не може да биде лице кое со лицето кое го брани магистерскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни

другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

Членовите на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

На образложено барање на кандитатот или на менторот, Наставно - научниот совет на факултетот на кој се организираат студиите може да донесе одлука за промена на менторот.

Во случај кога промената на менторот е одобрена, а темата на магистерскиот труд е прифатена или е во поодминатата фаза, студентот го губи правото на одбрана на прифатената тема, освен во случаите кога има согласност од менторот.

Магистерскиот труд во оваа т.н. фаза за оценување на изработениот магистерски труд се поднесува до формираната комисија преку лицето одговорно за магистерски студии на Универзитетот. Напишаниот (изработениот) магистерски труд се поднесува во три примероци кој е спирално укоричен, или во електронска форма во договор со комисијата.

Студентот (магистрант) со поднесувањето на напишаниот магистерски труд потпишува и изјава за оригиналност на напишаниот (изработен) магистерски труд (Анекс бр. 3: Образец бр. 7).

Лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот, пристапува кон разгледување на студенското досие по основ за неговата комплетност за пријавите од испити.

Доколку студенското досие не е комплетно, лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот поднесува извештај до Деканот на факултетот. Деканот на факултетот постапува по однос на поднесениот извештај од лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот во однос на комплетирање на досието на студентот.

Доколку студентското досие е комплетно во однос на пријавите од испити, поднесува извештај до Деканот на факултетот.

Комисијата е должна да поднесе извештај до Наставно-научниот совет на факултетот најдоцна во рок не пократок од еден месец и не подолг од два месеци од примањето на магистерскиот труд. Содржината на извештајот од комисијата за оценка за изработениот магистерски труд е прикажана во Анекс бр. 4: Образец бр. 8.

1. Комисијата задолжена за оценување на изработениот (напишан) магистерски труд, во текот на формирањето на мислење за оценка на трудот се раководи според следните критериуми:
2. Актуелност на темата и насловот на магистерскиот труд;
3. Дали има предговор и заклучок;
4. Усогласеност на насловот и содржината на магистерскиот труд;
5. Дали магистерскиот труд ги има сите значајни елементи според Упатството за изработка на магистерски труд;
6. Проблем, предмет и објект на истражување;

7. Општа хипотеза и помошни хипотези;
8. Цел и задачи на магистерскиот труд;
9. Користени научни методи;
10. Структура на трудот;
11. Методолошки пристап;
12. Структура на трудот и нивна поврзаност;
13. Пропорционалност на деловите на трудот;
14. Оценка на досегашните истражувања;
15. Историско-теориски и ретроспективен дел;
16. Аналитичко-експериментален дел;
17. Перспективен (развоен) дел;
18. Заклучок;
19. Користена литература, цитирање и фусноти;
20. Изборност на делови од литература;
21. Аналитичност;
22. Секундарни истражувања;
23. Примери од практика:
24. Јасност и прецизност во пишувањето;
25. Слики, прилози, табели, графикони;
26. Обем на магистерскиот труд;
27. Техничка обработка на магистерскиот труд;
28. Квалитет на презентацијата на магистерскиот труд;
29. Квалитет на слајдовите;
30. Квалитет на усното излагање на студентот;
31. Одговори на поставени прашања и дискусија.

На седницата на Наставно-научниот совет на факулктетот на која се разгледува извештајот на комисијата за оценка, Наставно-научниот совет по мислење на формираната комисија за оценка и одбрана на магистерскиот труд може да побара доработка на магистерскиот труд.

Рокот за доработка на магистерскиот труд го утврдува комисијата за оценка.

Рокот од предходниот став не може да биде пократок од еден месец, ниту подолг од три месеци.

По извршената доработка на магистерскиот труд, и доставување од страна на студентот три нови примероци кои се спирално укоричени или доставени во електронска форма, комисијата повторно изготвува извештај за оценка на трудот.

Наставно – научниот совет на факултетот донесува одлука за прифаќање или неприфаќање на магистерскиот труд врз основа на извештајот од страна на комисијата.

Доколку извештајот на комисијата не биде прифатен, кандидатот има право да пријави нова тема за работа на магистерски труд.

Доколку извештајот на комисијата биде прифатен, Наставно научниот совет на факултетот во донесената одлука врз основа на извештајот од комисијата за оценка на изработениот магистерски труд, утврдува и термин за одбрана на магистерскиот труд.

Извештајот од комисијата за оценка на изработениот магистерски труд и одлуката од наставно научниот совет што се однесува за прифаќање на извештајот од комисијата за одобрување на одбрана на магистерскиот труд се поднесуваат до лицето одговорно за магистерски програми на Универзитетот.

Определените членови на комисијата за одбрана на магистерскиот труд задолжително пишуваат Рецензија пред одбрана на магистерскиот труд и ја доставуваат потпишана од сите членови на комисијата до лицето одговорно за магистерски студии на Универзитетот. Содржината на Рецензијата е утврдена во Анекс бр 5: Образец бр. 9.

Студентот е должен во рок од десет работни дена, пред закажаната одбраната на магистерскиот труд да достави до службата на студентски прашања на Универзитетот шест истоветни примероци на магистерскиот труд, вкоричени со тврд повез од последната верзија на трудот, како и три примерока во електронска форма – ЦД. Студентот со претходно наведените работи во овој став доставува и потврда од службата за книговодство на Универзитетот за измирени финансиски обврски кон Универзитетот.

Еден од укоричените примероци од магистерскиот труд се става на јавен увид во библиотеката на Универзитетот.

Студентот задолжително изработува (пишува) и автореферат на магистерскиот труд. Текстот на авторефератот се испраќа до службата задолжена за изработка на ваквите работи на следниот сајт: avtoreferati@msu.edu.mk.

Автореферат претставува краток преглед на напишаниот магистерскиот труд. Задолжителни елементи на авторефератот се: Насловна страница; Содржина; Вовед, во главниот текст се претставуваат во кратки црти главите и подглавите на магистерскиот труд, Заклучок и Користената литература. Авторефератот се пишува во обем од 15 страни во формат А5, во фонт: Times New Roman со македонска јазична поддршка, со маргини на текстот: горе 2,54; долу 2,54; лево 3,00; десно 2,54; со (големина) 12 pts, прород 1,5.

**Одбрана на магистерскиот труд**

## Член 58

Одбраната на магистерскиот труд е јавна.

Студентот има право да одбрани магистерскиот труд после полагањето на сите предвидени испити согласно акредитираната студиската програма, но не пред завршување на академската учебна година.

Магистерскиот труд треба да биде одбранет најдоцна во рок од една година по прифаќањето на пријавата за тема на магистерски труд.

Терминот на одбрана, името и презимето на кандидатот, како и насловот на магистерскиот труд, се објавуваат на огласната табла на Универзитетот пред одбраната.

Одбраната започнува со воведно излагање на претседателот на комисијата за одбрана во кое ги изнесува биографските податоци за кандидатот, ги запознава присутните со темата на магистерскиот труд, како и со заклучокот од Рецензијата на магистерскиот труд.

По излагањето на претседателот на комисијата, на кандидатот му се овозможува во времетраење траење од 30 минути, да го изложи магистерскиот труд со главните резултати од истражувањето.

Кандидатот сам го избира видот и начинот на презентација на магистерскиот труд (со користење на софтвер за презентирање или друг начин).

По излагањето на кандидатот, прашања поставуваат членовите на комисијата. Прашања во врска со магистерскиот труд можат да постават и останатите присутни.

Кандидатот е должен да одговори на сите прашања кои се во врска со темата на магистерскиот труд.

По завршувањето на одбраната на магистерскиот труд, комисијата за одбрана јавно ја соопштува оценката на одбраната на трудот.

Оценувањето на одбранетиот магистерски труд се врши со оценка или преку две описни оценки: „го одбранил магистерскиот труд‟ и „не го одбранил магистерскиот труд‟, во зависност од правилата наведени во елаборатот за акредитација на студиската програма на соодветниот факултет во состав на МСУ „Г. Р. Державин‟.

Оценката на Комисија е конечна.

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од претходниот став на овој член (Анекс – Образец бр. 6).

Записникот го потпишуваат членовите на Комисијата.

Обрасците од ред. Бр. 5 до 11 како и Одлуките донесени од страна на Наставно-научниот совет на факултетот, примерок од магистерскиот труд, примерок од авторефератот, објавата за јавна одбрана на магистерскиот труд се архивираат во досието на студентот.

Со успешната одбрана на магистерскиот/специјалистичкиот труд студентот се стекнува со право за добивање уверение и диплома за завршени студии од втор циклус на соодветната студиска програма на единицата на Универзитетот.

Доколку одбраната на магистерскиот труд е негативно оценета, повторно се закажува одбрана на истиот труд најдоцна во рок од 90 дена. Одбраната на трудот е пред истата комисија која го определува новиот термин за повторна одбрана на магистерскиот труд.

Доколку одбраната на магистерскиот труд е двапати негативно оценета, студентот поднесува нова пријава за изработка на нов магистерски/специјалистички труд.

Студентот е должен да ги подмири трошоците за одбрана на магистерскиот труд до денот на одбраната на магистерскиот труд согласно тошковникот за студирање.

# XV. ЈАЗИК НА РЕАЛИЗАЦИЈА

## Член 59

Наставата на вториот циклус студии на единиците на Универзитетот се изведува на македонски јазик, а за одделни акредитирани студиски програми на странски јазици или за делови од студиски програми во кои учествуваат наставници гости од странство, може да се изведува и на некој од светските јазици.

По исклучок од ставот 1 на овој член, наставата на единиците во состав на Универзитетот може да се изведува на некој од светските јазици.

Странските државјани го изработуваат магистерскиот/специјалистичкиот труд и јавно го бранат, по правило на македонски јазик, но можат и на еден од светските јазици, со задолжителен превод на магистерскиот/специјалистичкиот труд на македонски јазик.

# XVI. ДИПЛОМИ

## Член 60

Лицето кое по завршувањето на постдипломските студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од додипломските и постдипломските студии, се стекнува со назив – магистер од соодветната област.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии на овој член припаѓаат на ниво VII А од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Лицето кое завршило втор циклус стручни студии од 60 ЕКТС кредити се стекнува со назив специјалист од одредена струка.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од втор циклус стручни студии припаѓаат на ниво VII Б од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на интегрираните академски студии од прв и втор циклус припаѓаат на нивото VII А од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VII од Европската рамка на квалификации.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е master, Master of Science (MSc), односно Master of Arts (MA).

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, називот по завршување на стручните студии од втор циклус со кои се стекнале 60 ЕКТС кредити е Specialist (Spec.).

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во втор циклус на образование Универзитетот единицата на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома.

Со дипломата од ставот 8 на овој член се потврдува дека студентот завршил студиска програма од втор циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

Диплома и додаток на дипломата на Универзитетот ја потпишува Ректорот и Деканот/Директорот на Единицата на Универзитетот и се заверува со сув печат на Универзитетот.

Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат Ректорот на Универзитетот и овластените лица на високообразовните установи со кои се организира студиската програма за стекнување на заедничка диплома.

Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студиски програми од втор циклус на студии ја врши Деканот/Директорот на Единицата на Универзитетот според постапка утврдена со правилата на Единицата на Универзитетот.

### Член 61

Дизајнот и содржината на дипломата и уверението ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

### Член 62

На студентот кој ќе заврши само дел од студиска програма за стекнување на образование на втор циклус му се издава уверение, генерирано од системот за електронска евиденција, за завршениот дел од студиската програма која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

### Член 63

Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на Додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со Законот за високо образование ги пропишува Министерот надлежен за работите на високото образование.

## XVII. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА

### Член 64

На Универзитетот, односно неговата единица може да се организира студиска програма од втор циклус за стекнување заедничка диплома, заедно со друга единица на Универзитетот, заедно со еден или повеќе универзитети, односно самостојни

високи стручни школи од Република Северна Македонија или од странство акредитирани во земјата во која ѝ е седиштето, за што одлучува Универзитетот на сопствена иницијатива или на предлог на единиците на Универзитетот.

Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, односно самостојни високи стручни школи, се применуваат прописите на оној универзитет, односно самостојна висока стручна школа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени универзитетите и нивните единици, односно самостојни високи стручни школи кои заеднички учествувале при изведувањето на студиската програма. Содржината и обликот на заедничката диплома како и прилозите кон дипломата ги определува Универзитетот.

## XVIII. СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДВОЈНА ДИПЛОМА

### Член 65

Врз основа на билатерален договор, со којшто се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетот/Единицата и универзитет, односно самостојна висока стручна школа од Република Северна Македонија или од странство акредитирани во земјата во која им е седиштето, Статутот на Универзитетот и овој Правилник, Универзитетот/Единицата може да реализира студиска програма за двојна диплома и да издава двојна диплома.

## XIX. НАГРАДИ

### Член 66

За посебно покажани резултати во студирањето, студентот може да добива соодветни награди и признанија. Видот на наградите и критериумите и процедурите за нивно доделување ги утврдуваат Универзитетот и/или единиците на Универзитетот.

## XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 67

Студентите запишани на студиски програми заклучно со студиската или 2018/2019 година продолжуваат да студираат според правилата за студирање пред донесувањето на овој Правилник, а почнувајќи од 01.01.2020 година овој правилник ќе се применува на сите тековни постапки, освен за специјалистичките студии.

Студентите кои се запишани заклучно со академската 2016/2017 година и ги имаат положено сите испити согласно акредитираната студиска програма, но не пријавиле и одбраниле магистерски труд / специјалистички труд, можат да пријават

магистерски труд / специјалистички труд најдоцна во рок од две (2) години од влегувањето во сила на овој правилник.

Студентите кои се запишани по академската 2016/2017 се должни да ги положат сите испити утврдени со студиската програма како и да го пријават и одбранат магистерскиот труд / специјалистичкиот труд во рок од пет години од денот на почетокот на семестарот во кој студентот се запишал на магистерски студии / специјалистички студии.

## Член 68

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе – Битола.

## Член 69

Составен дел од овој Правилник се следните:

- Анекс бр. 1: Образец бр. 5 – Пријава на тема за магистерски труд;
- Анекс бр. 2: Образец бр. 6 – Записник од извршена одбрана на магистерски труд;
- Анекс бр. 3: Образец бр. 7 – Изјава за оригиналност;
- Анекс бр. 4: Образец бр. 8 - Извештај од комисија за оценка на магистерскиот труд;
- Анекс бр. 5: Образец бр. 9 – Рецензија на магистерски труд;
- Анекс бр. 6: Одлука за мирување на студии од втор циклус;
- Анекс бр. 7: Одлука за продолжување на студии во мирување од втор циклус;
- Анекс бр. 8: Одлука за прекинување на студии од втор циклус;
- Анекс бр. 9: Одлука за продолжување на прекинати студии од втор циклус.

Претседател на Сенат

Доц. д-р Васко Стамевски

**Образец бр. 5.**

# ПРИЈАВА НА ТЕМА ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име:** | | **Презиме:** | |
| **Татково име:** | | **ЕМБГ:** | |
| **Адреса:** | | **Место на живеење:** | |
| **Датум на раѓање:** | | **Место на раѓање:** | |
| **Број на индекс:** | | **Телефон:** | |
| **Факултет:** | | **Насока:** | |

## ДЕФИНИРАЊЕ НА НАСЛОВОТ НА ТЕМАТА:

На македонски јазик

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

На англиски јазик

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

На руски јазик

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА НАУЧНАТА И ИСТРАЖУВАЧКАТА ОПРАВДАНОСТ НА ТЕМАТА:

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

__________________________________________________________ (во прилог 2 до 3 страни)

## ПЛАН ЗА РАБОТА:

Опишете го редоследот на активности кои ќе се преземат за изработка на трудот (Разработка на основните тези, теоретска работа со избор на методи и техники за анализа со очекувани резултати).

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

_________________________________________________________ (во прилог 2 до 3 страни)

## ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА:

Во листата на литература треба да се наведат најмалку 40 наслови од книги и научни списанија од домашни и странски автори објавени по 2000 година, со исклучок на одредени капитални дела пред 2000 година. Листата треба да биде направена по азбучен ред на изворите на користена литература.

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

________________________________________________________________________________

_________________________________________________________ (во прилог 2 до 3 страни)

## ПРЕДЛОГ ЗА МЕНТОР:

Наведете го вашиот предлог со кратко образложение за определување за ментор на магистерскиот труд.

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**Место и датум:**

______________, ________ 20______

**Подносител на пријавата:**

_______________________________

**Образец бр. 6**

**ЗАПИСНИК**
**ЗА ИЗВРШЕНАТА ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИОТ ТРУД**

На ден ___________ 20_____ година, со почеток од ______ до _______ часот во просториите на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Државин" во одделението во _________________, извршена е јавна одбрана на магистерскиот труд од кандидатот

_______________________________________________________________________________

(име и презиме) и (број на индекс)

со наслов: _____________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

Кандидатот со успех го изработи и го одбрани својот магистерски труд. Комисијата го оценува магистерскиот труд со оцена __________ ( ).

**Место и датум:**

___________,______20___ година

**Комисија за оценка и одбрана:**

**1.** ______________________, претседател
(име и презиме) (потпис)

**2.** ______________________, член
(име и презиме) (потпис)

**3.** ______________________, член
(име и презиме) (потпис)

**Образец бр. 7**

# ИЗЈАВА

Јас, ____________________________________________________________

студент/ка на Втор циклус на студии организирани на Факултетот за ____________________________________________________________ во МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола, на студиската програма по ____________________________________________________________ со постојано место на живеење на ________________________________________ во ____________________, со ЕМБГ ____________________________ и број на индекс ____________________, изјавувам под морална и кривична одговорност дека поднесениот магистерски труд под наслов ____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________

претставува мој самостоен труд и истиот претставува резултат на самостојна научна работа спроведена во текот на истражувањето.

Согласен/а сум да ги сносам сите последици и одговорности кои произлегуваат од неовластеното користење на туѓ текст или плагијатство согласно важечките законски и подзаконски акти кои ги регулираат авторските и сродни права.

**Место и датум:**

_______________, ________ 20______

**Давател на изјава:**

___________________________________

**Образец бр. 8**

До

Наставно-научниот совет
на Факултетот ________________________
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин"
Свети Николе – Битола

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОЦЕНКА
# НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Наставно-научниот совет на Факултетот за __________________ на Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" во Свети Николе – Битола, на седница одржана на _____________________ во Свети Николе, а врз основа на чл. 57 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување на втор циклус студии, има формирано комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот ______________________________________________________ под наслов ___________________________________________________________________________
___________________________________________________ во состав од:

1. ______________________________________________________________________ ;
2. _______________________________________________________________________ ;
3. ______________________________________________________________________ ;

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени напишаниот (изработениот) магистерскиот труд и на Наставно-научниот совет на Факултетот ______________________________ му го поднесува следниот

# ИЗВЕШТАЈ

**1. Кратка биографија за кандидатот**

**2. Образложение на магистерскиот труд**

Магистерскиот труд под наслов ________________________________ __________________________________________________________________________ ___________________________________________________________________________ од кандидатот___________________________________________, содржи __________ страници компјутерски напишан текст, формат ________, поделен во _________ глави, со вкупно цитирани _________ библиографски единици, _________ белешки под линија, содржи ________ слики, _________ табели и _____________ графикони.

(кратко образложение на магистерскиот труд – до 1,5 стр. текст)

**3. Заклучок и оценка на трудот**

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид горе изнесеното, на Наставно-научниот совет на Фалкултетот _____________________________________________ му предлагаме да го прифати овој Извештај и да закаже одбрана на магистерскиот труд под наслов ____________________________________________________ од кандидатот ________________________________________________ .

**КОМИСИЈА:**

____________________________________
(Ментор на магистерскиот труд)

____________________________________
(Претседател и член на комисијата
за одбрана на магистерскиот труд)

____________________________________
(Член на комисија)

**Образец бр. 9**

# РЕЦЕНЗИЈА

За магистерскиот труд ______________________________ изработен од ____________________________ со број на индекс: М_ студент на втор циклус на студии на Факултетот_______________________, на насока________________, при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин" Свети Николе.

Со одлука на Научно - наставничкиот совет на МСУ „Г. Р. Државин" Свети Николе, (со одлука бр. ________ од ___________), определени се за Комисија за одобрување, оценка и одбрана на магистерска тема _________________________ изработен од _________________________________________.

Врз основа на извршениот преглед и направената анализа на магистарскиот труд, комисијата во состав: _______________________________го поднесоа следниот

# ИЗВЕШТАЈ

Магистерскиот труд под наслов ________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
изработен од кандидатот _______________________________, содржи __________ страници компјутерски напишан текст, формат ________, поделен во _________ глави, со вкупно цитирани _________ библиографски единици (извори на литература) , _________ белешки под линија, содржи ________ слики, _________ табели и _____________ графикони, и ___________ прилози (доколку има).

(кратко образложение на магистерскиот труд – до 3 страници текст)

**2. Оценка на магистерски труд**

Врз основа на следното образложение, комисијата го донесува следниот:

# ЗАКЛУЧОК

(за изработениот магистерски труд)

**КОМИСИЈА:**

______________________________
(Ментор на магистерскиот труд)

______________________________
(Претседател и член на комисијата
за одбрана на магистерскиот труд)

______________________________
(Член на комисија)

Врз основа на член 28 и член 29 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе - Битола, РСМ, Правилникот за трошоци, барањето на _________________________ заведено под број _____________________ од __________, _______ година и доставената документација, Наставно-научниот совет на Факултетот за ________________________________ на ден ______________, ___________ година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за мирување на студии од втор циклус

1. Се одобрува барањето на студентот ___________________________ со ЕМБГ _________________________ за мирување на студиите од втор циклус во ______________________ семестар во __________________ година на Факултетот за ________________________ на насоката _____________________ со број на досие и индекс ____________________ за времетраење од ______________ месеци.
2. Доколку за време на мирувањето на студиите настанат измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.
3. Студиите можат да се ставаат во мирување додека траат оправданите причини, но не подолго од 12 месеци.
4. Студентот е должен да го активира студирањето во рок од 20 дена по престанокот на причините за мирување.
5. Времето за коешто студиите се во мирување не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите.
6. За времетраењето на мирувањето на студиите, студентот не плаќа школарина.
7. Студентот ги продолжува студиите со плаќање на школарината.
8. Доколку студентот не го активира студирањето во предвидениот рок и не ја уплати школарината, се смета дека ги прекинал студиите.
9. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено до:
Архива: ___________________
Декан: ____________________
Студент: ___________________

**Место и датум:** **Декан:**

______________, ________ 20_____ ________________________________

Врз основа на чл. 27 и чл. 29 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе – Битола, РСМ, и барањето на ____________________________________________________заведено под број _______________________ од _________, 20______ година, Наставно-научниот совет на Факултетот за ___________________________________ на ден _______________, ____________ година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за продолжување на студии во мирување од втор циклус

1. Студентот _____________________________________________________ со ЕМБГ ____________________ ги продолжува студиите што ги ставил во мирување на ____________, __________ година на _____________ месеци, во ___________________ семестар во ______ година на Факултетот за _________________________ на насоката ___________________________ со број на досие и индекс _____________________________________.
2. Доколку за време на мирувањето на студиите настанале измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.
3. Студентот се задолжува да ги подмири трошоците за школарина достасани до денот пред студиите да бидат ставени во мирување во износ од ___________________ МКД.
4. За годината во која се запишува и за останатите потоа, студентот согласно договорот за студирање е должен да уплаќа годишна школарина за студирање во висина и на начин предвиден во договорот за студирање.
5. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено до:
Архива: ____________________
Декан: _____________________
Студент: ____________________

**Место и датум:** **Декан:**

_______________, ________ 20______ ___________________________________

Врз основа на член 28 и член 29 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе - Битола, РСМ, барањето на _________________________ заведено под број _____________________ од __________, _______ година и доставената документација, Наставно-научниот совет на Факултетот за _______________________________ на седницата одржана на ___________, ___________ година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за прекинување на студии од втор циклус

1. Се одобрува барањето на студентот ___________________________ со ЕМБГ _________________________ за прекинување на студиите од втор циклус во ______________________ семестар во _________________ година на Факултетот за ________________________ на насоката _____________________ со број на досие и индекс ____________________.

2. За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа школарина и има статус на отпишан студент.

3. Студентот ги продолжува студиите со повторно запишување и плаќање на школарината. При повторно запишување студентот треба да подмири и 6.000,00 денари трошоци за презапишување.

4. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено до:
Архива: ___________________
Декан: ____________________
Студент: ___________________

**Место и датум:** **Декан:**

______________, ________ 20______ ________________________________

Врз основа на чл. 28 и чл. 29 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ Свети Николе – Битола, РСМ, и барањето на ______________________________________________________ заведено под број __________________ од ________, 20_____ година, Наставно-научниот совет на Факултетот за ____________________________ на ден _____________, __________ година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за продолжување на прекинати студии од втор циклус

1. Студентот __________________________________________ со ЕМБГ ________________________ ги продолжува студиите што биле прекинати на ____________________, ________ година, во _____________ семестар во _____________________, ______________ година на Факултетот за ______________________ на насоката _____________________ со број на досие и индекс _______________.

2. Доколку за време на прекинувањето на студиите настанале измени во студиската програма, студентот продолжува да студира на изменетата студиска програма и е должен да ги исполни обврските кои претставуваат разлика помеѓу двете студиски програми.

3. Студентот се задолжува да ги подмири трошоците за школарина достасани до денот кога студиите биле ставени во мирување во износ од ________________ и 6.000,00 денари за презапишување.

4. За годината во која се запишува и за останатите потоа, студентот согласно договорот за студирање е должен да уплаќа годишна школарина за студирање во висина и на начин предвиден во договорот за студирање.

5. Одлуката стапува на сила од денот на нејзиното донесување.

Доставено до:
Архива: ________________
Декан: _________________
Студент: ________________

| **Место и датум:** | **Декан:** |
|---|---|
| _____________, _______ 20_____ | ____________________________ |